М-НАВ

*Акционерско друштво во државна сопственост за вршењена дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
Shoqeria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 0301-1379/2
31-12-2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## М-НАВ АД СКОПЈЕ

# Годишен финансиски план за 2026 година

***Декември 2025 година***

"Босфор"Бр.7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr.7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот: Годишниот финансиски план на М-НАВ АД Скопје за 2026 година** ги опфаќа ефектите од воениот конфликт во Украина, но и сударот на блискиот исток, економската криза, воздушниот сообраќај во Р.С.Македонија во 2024/25 година и можните сценарија за воздушниот сообраќај во 2026 година, единечната цена за прелети на воздухоплови и терминални услуги за 2026 година, анализа на планираните приходи за 2026 година, споредбена анализа на планираните приходи на Друштвото за 2026 година во однос на планираните приходи на Друштвото за 2025 година, анализа на планираните расходи за 2026 година, табеларен приказ на планираните приходи и расходи на Друштвото за 2026 година, планираниот финансиски резултат на Друштвото за 2026 година, споредбена анализа на планираните расходи на Друштвото за 2026 година со планираните расходи на Друштвото во 2025 година, споредбена анализа на планираните расходи на Друштвото за 2026 година со реализираните расходи на Друштвото во 2025 година и друго.

**Наслов**

М-НАВ АД СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-610-201-04 | **Издание број**: 1.0<br>**Дата**: 21/12/2025 |
| | |

Извадок:

"...Планирањето на приходите од прелети за 2026 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2025 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2025 - 2031 година."

**Клучни зборови:**

Обем на сообраќај, планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои гоизготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработиле | Филип Трандафиловски<br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 23.12.2025 |
| | Даниела Трајчулеска<br>Раководител на Одделение за финансиски работи и администрација | 31.12.2025 |
| | Дејан Зарапчиев<br>Самостоен советник за одредување на цени | 31.12.2025 |
| | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | 23.12.2025 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет - безбедност во Одделение за интегрирани менаџмент системи | |
| Одобриле | Владимир Ристески<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна навигација<br>Милан Кораќ<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна техника<br>Fatmir Zimberi<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 24.12.2025 |

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ....................5
2. ПРОГНОЗА ЗА ПЕРИОД 2025-2031 (EUROCONTROL - Октомври 2025) ....................7
3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2025 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2026 ГОДИНА ....................9
4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2026 ГОДИНА ....................13
5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИТЕ РАСХОДИ ЗА 2026 ГОДИНА ....................15
6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2026 ГОДИНА ....................18
7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА ....................19
8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА ....................20
9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА ....................22
10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НАПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА ....................24

# 1. ВОВЕД

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација (бр.19-4602/1 од 16.10.2008 година). Со оваа одлука се отпочнува постапка за основање на трговско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (во натамошниот текст: Друштвото).

Друштвото е основано како акционерско друштво со еден акционер. Друштвото е основано симултано со преземање на сите акции од страна на основачот - Влада на Република Македонија, без јавен повик и со потпишување на Статутот на друштвото од страна на Владата на Република Македонија. Друштвото е основано за вршење на сите услуги на воздухопловна навигација пропишани со тогаш важечкиот Закон за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07 и 103/08).

Во насока на унапредување на начинот на кој се уредуваат дејностите од областа на воздухопловството кои се вршат на територијата и во воздушниот простор на Република Северна Македонија, М-НАВ АД Скопје, основата на своето функционирање продолжува да ја црпи од Законот за воздухопловство („Службен весник на РСМ" бр.14/2024; 224/2024; 3/2025 и 144/2025).

Согласно тековната состојба издадена од страна на Централниот регистар, датум на основање на Друштвото - Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје е 04.11.2008 година. Основачкиот акт, односно Статутот на Акцинерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2008.

На 10 март 2010 година согласно член 53 став (4) од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07 и 103/08), а во врска со условите наведени во Уредбата за давање на услуги во воздухопловната навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно работење (Службен весник на РМ бр.114/08) Друштвото се стекнало со **Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација МК-01/2010ANSP**, со важност од две години, издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија во изминатиот период во континуитет, во согласност со позитивната регулатива потврдуваше дека М-НАВ АД Скопје како Давател на услуги на воздухопловна навигација ги исполнува сите барања и важечки услови кои се однесуваат на давањето на услуги на воздухопловната навигација и способноста да ги дава истите, со издавање на уверенија со период на важност од две години.

На ден 22.01.2024 година во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24 беше објавен нов Закон за воздухопловство, кој влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Со денот на влегување во сила на овој закон, престана да важи Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 220/19). Давателот на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје го усогласи Статутот со одредбите од овој закон.

На 08.03.2024 година врз основа на член 17 став (1) алинеја 8 и член 56 став (4) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2024), член 7 од Регулативата (ЕЗ) бр.550/2004 на Европскиот парламент и Советот од 10 март 2004 година, за давање на услуги на воздухопловна навигација во Единственото Европско небо изменета и дополнета со Регулативата (ЕУ) 1070/2009, член 4 и дел ATM/ANS.AR од

регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 01 март 2017 година за утврдување на заеднички услови за давателите на услуги за управување со воздушниот сообраќај/ даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор и за укинување на регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008 и регулативите за спроведување (ЕУ) бр.1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр.677/2011, изменета и дополнета со (ЕУ) регулативите 2020/469 и 2020/1177 кои се транспонирани во Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опрема и други потребни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 281/21), а во постапка по барање на М-НАВ А.Д. - Скопје под УП бр.12-34/2024 од 25.01.2024 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе Решение со кое се издава **Уверение за оспособеност за давање на ATM/ANS услуги со бр.МК01-2024/ANSP на М-НАВ А.Д. - Скопје**, давател на услуги на воздухопловна навигација. Ова Уверение за оспособеност за давање на ATM/ANS услуги е издадено со неограничено времетраење сметано од 08.03.2024 година. Уверението за работа е валидно се додека Друштвото и понатаму е во согласност со Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опрема и други потребни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 281/21) и другите применливи прописи и онаму каде што е соодветно, процедурите од документацијата на Друштвото.

На ден 27.12.2024 година во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 272 беше објавен Законот за изменување и дополнувања на Законот за трговските друштва. Измените и дополнувањата на ЗТД влегоа во сила на 04.01.2025 година, а започнаа со примена три месеци од денот на влегувањето во сила, односно од 04.04.2025 година. Во однос на усогласувањето на Статутот на Друштвото со измените и дополнувањата кои произлегуваат од наведениот закон, Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје ја има започнато постапката и истата е во тек.

Согласно член 8 од Статутот на Акционерското друштво М-НАВ АД Скопје ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24- Пречистен текст) основната главнина на Друштвото изнесува 1.552.034.000,00 денари или 25.226.275,71 евра поделени на 1.552.034 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари за една акција.

Согласно Статутот на М-НАВ АД Скопје управувањето со Друштвото е организирано според двостепен систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор е составен од три члена. Надзорниот одбор ги избира членовите на Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број гласови. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор. Еден од членовите носи назив извршен директор за воздухопловна навигација. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на надзорен контролор на летање и најмалку 6 годишно работно искуство како надзорен контролор на летање. Еден од членовите на Управниот одобор носи назив извршен директор за воздухопловна техника. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство од организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на воздухопловно-технички персонал и најмалку 6 годишно работно искуство како воздухопловно-технички персонал. Еден од членовите на Управниот одбор е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив, извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Членот мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото и најмалку 6 годишно работно искуство во соодветна дејност. Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 4 години со право на реизбор. Членот на Управниот одбор не може да биде избран за член на управен одбор односно за извршен член на одбор на директори

на други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.

Претседател и членови на Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје се:

- Владимир Ристески избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје од 17.10.2024 година, кој ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловна навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна навигација. Именуваниот воедно е и Претседател на Управниот одбор;
- Милан Кораќ избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје од 01.08.2025 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив Извршен директор за воздухопловна техника; и
- Fatmir Zimberi избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје од 28.05.2025 година кој ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции.

**Предметот на работењето на давателот на ATM/ANS услуги е:**

1. Давање услуги за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација (ATM/ANS услуги) како приоритетна дејност на Друштвото;
2. Обука на ANS персонал;
3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации врз основа на податоците добиени од утврдените оригинатори; и
4. Други дејности поврзани со воздухопловната навигација.

**Давателот на услуги на воздухопловна навигација се финансира од:**

Согласно член 70 од Законот за воздухопловство - Давателот на ATM/ANS услуги се финансира од:

- Делот од надоместокот остварен по основ на давање на ATM/ANS услуги чија висина се утврдува со трошковник на давателот на ATM/ANS услуги на начин пропишан согласно со членот 58 став (6) од Законот за воздухопловство;
- Надоместок за обука на ANS персонал;
- Донации, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош; и
- Надоместоци за вршење други активности на давателот на ATM/ANS услуги.

## 2. ПРОГНОЗА ЗА ПЕРИОД 2025-2031 (EUROCONTROL - Октомври 2025)

Може да се каже дека закрепнувањето од пандемијата со Ковид-19 е целосно завршено, односно бројот на летови на европско ниво го достигна нивото од 2019 година, но мора да

- се земе во предвид дека сообраќајот е сеуште под влијание на геополитичките конфликти кои продолжуваат да ги нарушуваат плановите на авиокомпаниите, користењето на воздушниот простор и предизвикуваат промени во сообраќајните токови..

Ситуацијата со конфликтите особено влијае на енергетскиот сектор, а со тоа и на прогнозите на економски раст во еврозоната. Сепак, Европската економија избегна рецесија во 2025 година и покрај инфлацијата и конзервативната монетарна политика, и БДП продолжи со скромен но постојан раст. И покрај наведеното, неизвесноста и понатаму постои и го отежнува прецизното предвидување за обемот на сообраќај во 2026 година, како и за можните финансиски импликации врз Друштвото.

### 2.1. Прогноза на Eurocontrol - STATFOR за воздушниот сообраќај во 2025 година

Последната прогноза на воздушниот сообраќај издадена од страна на Eurocontrol - STATFOR од октомври 2025 година ги зема во предвид следните инпути:

- **Трендови на авио сообраќајот**

Очекуваниот број на летови за 2025 година покажува дека во државите на ECAC е достигнат бројот на летови во однос на 2019 година , односно зголемување од околу 4% во однос на 2024 година.

# Flight Trends

Total traffic in Europe (ECAC) aligned with February 2025 forecast




- The number of flights was in line with the base scenario of the February 2025 forecast during February and March.
- Traffic was slightly above the forecast during April and May due to calendar effects in the forecast, and higher-than-expected demand at the start of the IATA summer season.
- Actual traffic figures were aligned with the base scenario of the February 2025 forecast during the peak summer months (June to September).

- **Економски раст**

Последната ревизија на предвидувањата за БДП во еврозоната доведе до одредено зголемување на предвидениот раст за 2025 година, односно го одсликува подобро од очекуваното економско окружување, кое во возврат доведе до зголемена потрошувачка, вклучувајќи го и зголемувањето во воздушниот сообраќај. Од друга страна, прогнозите за 2025-2031 година остануваат непроменети, но високото ниво на неизвесност поради геополитичките тензии, глобалната трговија, како и промените во политичките позиции можат да влијаат на идниот раст.




- **Прогноза на сообраќај**

  Растот на сообраќајот во 2026 во однос на 2025 година се очекува да достигне 3.1% (во основното сценарио), што го отсликува подобрените прогнози за економски раст и оптимистичните планови за летање од страна на авио компаниите за периодот 2025-2026, при што најголем раст се очекува во југоисточна Европа. За периодот до 2031 година се предвидува просечен раст од 2,2% на годишно ниво.




## 3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2025 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2026 ГОДИНА

Воздушниот сообраќај во 2025 година, уште од самиот почеток на годината, бележи континуиран и значителен пораст во однос на 2024 година. Особено во првите месеци од годината, процентот на зголемување достигнува и до **17%** во рамките на прелети.

Во однос на референтната 2019 година, дел од земјите од South West-Axis-во тековната година го достигнуваат нивото на сообраќај од 2019 година, додека ние како дел од South East Axis веќе одамна го имаме надминато тоа ниво. Во овој момент порастот во нашиот регион се движи помеѓу 40 и 50% над сообраќајот од 2019 година.

Состојбата, трендот и процентуалниот пораст на севкупниот сообраќај се јасно прикажани во табелата подолу.




Особено е значаен порастот забележан во сегментот на прелетите, кој претставува доминантен фактор во вкупното зголемување на воздушниот сообраќај.




Исто така, и аеродромскиот сообраќај бележи континуиран позитивен тренд (освен првите два месеци во годината кога е забележан негативен тренд) што дополнително придонесува кон вкупниот раст на воздушниот сообраќај.




## Traffic Evolution NMIR Eurocontrol Dashboard

| | Traffic Demand | Voi |
|---|---|---|
| onthly Period | 991.7096774 | |
| ımmer Period | 1072.728261 | |
| ıarly Period | 866.5592105 | |

**SKOPJE ACC Traffic Evolution Per Month (Daily Averages)**




### Посебен осврт на летната сезона 2025

Од прикажаните табели јасно може да се согледа движењето на сообраќајот од почетокот на годината. Иако во првите месеци процентот на пораст е исклучително висок, во текот

на летните месеци тој значително се намалува. Ова се должи на фактот дека расположливите капацитети се веќе искористени до можен максимум.

Дополнителна отежителна околност е тоа што и во оваа летна сезона се работеше со стариот систем, што наметнува технички и оперативни ограничувања. Како резултат на ограничувањата на системот, но и поради специфичните временски услови во текот на сезоната, евидентиран е зголемен број на имплементирани ATFM мерки со цел заштита на секторите од преоптоварување и безбеден и ефикасен проток на воздушниот сообраќај во рамките на ФИР Скопје.

Вкупно се имплементирани 433 АТФМ мерки во текот на летната сезона од 2025 година заклучно со септември. Како резултат на имплементраните АТФМ мерки во текот на летната сезона имаше вкупно делегирани 199 623 минути на задоцнување.

Иако имавме прилично предизвикувачка летна сезона во која расположливите капацитети беа искористени до максимум, при што бевме често погодени од специфични временски услови, сепак движењето на сообраќајот остана во рамките на прогнозата од страна на EUROCONTROL за летната сезона 2025, која се движи помеѓу **5–8%** (вкупен пораст LWSS 2025 заклучно со септември 7%). Се очекува овој позитивен тренд да се задржи до крајот на тековната година.

Во однос на предвидувањата за 2026 година, имајќи предвид дека сме на прагот на имплементација на новиот АТМ систем, извесно е дека доколку реализацијата се одвива според планираното, новиот АТМ систем ке овозможи зголемен расположлив капацитет, постабилен и поефикасен проток на сообраќај, во секој случај помалку делегирани минути на задоцнување како и можност за прифаќање на поголем обем на воздушен сообраќај.

Според прогнозите на EUROCONTROL, за регионот на South East AXIS во 2026 година глобално е предвиден пораст од **10% на годишно ниво**, меѓутоа реализацијата на оваа прогноза во голема мера ќе зависи од глобалните движења и трендови во воздушниот сообраќај.

Впрочем, во првите девет месеци од 2025 година (период јануари-септември) вкупно беа реализирани 239.646 летови од кои 219.790 беа прелети, податок којшто говори за пораст од 7.9% во однос на бројот на прелети во истиот период од 2024 година. Според статистиката на Централното биро за наплата на EUROCONTROL за првите девет месеци од 2025 година, Република Северна Македонија бележи зголемување од 10,2% на наплатните единици од прелетите во однос на планираните за 2025 година или зголемување од 8,7% во однос на истиот период во 2024 година.

| Month | | 2025 Actual | 2025 States' Forecast | 2024 Actual | % 2025 A / 2025 F | % 2025 A / 2024 A | % 2024 A / 2023 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (1)/(2) | (1)/(3) | (3)/(4) |
| 1 | January | **27,175** | *22,632* | 22,946 | 20.1% | 18.4% | -4.0% |
| 2 | February | **26,228** | *21,487* | 21,786 | 22.1% | 20.4% | -8.0% |
| 3 | March | **30,783** | *25,656* | 26,012 | 20.0% | 18.3% | -13.9% |
| 4 | April | **43,248** | *39,558* | 40,107 | 9.3% | 7.8% | 5.3% |
| 5 | May | **53,916** | *48,836* | 49,514 | 10.4% | 8.9% | 3.7% |
| 6 | June | **64,295** | *52,697* | 53,429 | 22.0% | 20.3% | 2.1% |
| 7 | July | **63,280** | *60,668* | 61,511 | 4.3% | 2.9% | 7.2% |
| 8 | August | **64,036** | *65,787* | 66,701 | -2.7% | -4.0% | 16.4% |
| 9 | September | **61,001** | *56,591* | 57,377 | 7.8% | 6.3% | 5.3% |
| 10 | October | | *61,532* | 62,387 | | | 37.3% |
| 11 | November | | *30,207* | 30,627 | | | 18.3% |
| 12 | December | | *27,351* | 27,731 | | | 8.8% |
| **TOTAL** | | **433,961** | ***513,000*** | 520,129 | **10.2%** | **8.7%** | **7.9%** |

• Табеларен приказ на Централното Биро за наплата на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над РСМ во периодот од 01.01 до 30.09.2025 година

Прогнозата на Евроконтрол за периодот од 2025 година до 2030 година (октомври 2025) е дадена во табелата подолу. Согласно трите сценарија за пораст на сообраќајот во 2026 година во однос на 2025 година се очекува порастот на вкупниот број на летови во воздушниот простор Република Северна Македонија во 2026 година да се движи помеѓу

1,6% (при песимистично сценарио) и 5,8% (при оптимистичко сценарио), од причина што се уште постои голем степен на неизвесност во еволуцијата на воздушниот сообраќај поради тековните ризици кои произлегуваат од војната во Украина и гео-политичките случувања на Блискиот Исток.

Северна Македонија

| | Годишен пораст на сообраќај во период 2025-2030 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сценарио | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 |
| оптимистичко | | | | | 7.8% | 5.8% | 5.0% | 4.6% | 3.8% | 4.0% |
| основно | 62.0% | 51.0% | 14.0% | 6.9% | 7.3% | 3.7% | 2.4% | 2.5% | 1.9% | 2.0% |
| песимистичко | | | | | 6.9% | 1.6% | 0.0% | 0.7% | 0.0% | 0.1% |

## 4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2026 ГОДИНА

Методологијата за пресметка на единечната цена за прелети се базира на заедничкиот систем за наплата на надоместоци од прелети согласно регулативата бр.1794/06 на Европската Комисија и одлуката на Владата на РСМ за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација. ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194 од 23.09.2019 година). Информацијата за висината на цената на прелетите се доставува, се разгледува и потоа се одобрува од страна на Eurocontrol на косултативниот состанок со авио-превозниците што се организира на годишна основа. Притоа, на овој состанок се разменуваат информации за вкупните планирани трошоци, инвестициите, како и проекција на сообраќајот за секоја наредна година.

Согласно извршеното усогласување помеѓу М-НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ како регулаторно тело, единечната цена на прелетите во РСМ во 2026 година е утврдена да изнесува **43,87 евра.** При распределбата на средствата во 2026 година, делот на М-НАВ АД Скопје треба да изнесува 83,30% од вкупно наплатените средства за реализирани прелети во 2026 година.

**Графички приказ на движењето на единечна цена за прелети во РСМ во периодот помеѓу 2012 - 2026 година**




Вредно е да се напомене и фактот дека со порастот на сообраќајот во изминатиот период и приходите остварени од зголемениот обем на дадени услуги се создадоа предуслови за намалување на цената на прелетите. Следствено, во 2026 година, единечната цена за прелетите ќе биде намалена за 5,8% споредено со 2025 година и истото се базира на

последната проекција за пораст на наплатните единици од прелети помеѓу 1,2% и 6,0% во 2026 година споредено со бројот на реализираните наплатни единици во 2025 година.

**Единечна цена за терминални услуги во 2026 година**

Еден помал дел (околу 14,7%) од вкупните планирани приходи во 2026 година., М-НАВ АД Скопје очекува да реализира како давател на терминални услуги на воздухопловна навигација, односно услуги на контролата на летање при полетување и слетување на аеродромите во Скопје и Охрид. Од овие услуги во 2026 година, се очекува приход од околу 221 милиони денари што воедно претставува зголемување од 19,7% во однос на вкупните планирани приходи од терминални услуги во 2025 година, како последица од зголемениот број на реализирани операции во 2025 година и планираниот пораст за 2026 година. Како поддршка на напорите на Владата на РСМ за привлекување на нови линии на аеродромите во Скопје и Охрид, единечната цена за терминални услуги останува непроменета и ќе изнесува 4,00 евра по тон на максимална тежина на воздухоплов во полетување.

**Анализа на планираните приходи на друштвото за 2026 година**

М-НАВ АД Скопје остварува приходи од своето работење по основ на наплата на:

- Надоместок за давање на услуги за прелети - фактурирање и наплата што во име, а за сметка на М-НАВ АД Скопје ја врши EUROCONTROL - CRCO (Central Route Charges Office);
- Надоместок за давање на терминални услуги на воздухопловна навигација - фактурирање и наплата што во име на М-НАВ АД Скопје исто така ја врши EUROCONTROL - CRCO;
- Приходи од останати услуги (давање на комуникациски и радарски услуги на Hungarocontrol од страна на М-НАВ АД Скопје);
- Останати приходи (приходи од минати години, донации, од закупнина и др.); и
- Надомест за обука за ANS персонал.

Планирањето на приходите од прелети за 2026 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци од 2025 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2025 - 2031 година.

Согласно оваа анализа, за периодот од јануари-декември 2026 година се предвидува да се реализираат вкупно приходи во износ од **1.498.415.461,30 денари**, од кои **1.265.307.687,00 денари** приходи по основ на прелети, **220.807.774,30 денари** приходи по основ на терминални услуги и **12.300.000,00 денари** приходи од останати услуги од кои по основ на давање на радарска слика и комуникациски услуги на Hungarocontrol денари, како и останати приходи од публикување на воздухопловни информации, приходи од минати години, надомест на штети, донации и друго.

Приходите се планираат по тримесечја и тоа, во првото тримесечје од 2026 година се очекува да се реализираат 236.743.102,73 денари, во второто се планира да се остварат 429.314.137,74 денари, во третото 499.203.716,17 денари, додека во четвртото тримесечје се очекува да се реализираат 333.154.504,65 денари приходи, што укажува на сезонскиот карактер на сообраќајот кој истовремено се рефлектира и на приходите.

Структурата на приходите во планските проекции за 2026 година се очекува да биде: 884,5% приходи од прелети, 14,7% приходи од терминални услуги и 0,8% останати приходи.

Табеларен преглед на вкупните планирани приходи на М-НАВ АД Скопје за 2026 година е даден подолу во текстот, Точка 7.

3.1 Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2026 година во однос на планираните приходи во 2025 година

| ПРИХОДИ | Планирани 2026 година | Планирани 2025 година | (%) 2026/2025 |
|---|---|---|---|
| Приходи од прелети | 1.265.307.687,00 | 1.226.577.371,30 | 3,16% |
| Приходи од терминални услуги | 220.807.774,30 | 184.481.550,00 | 19,69% |
| Останати приходи | 12.300.000,00 | 12.300.000,00 | 0,00% |
| **ВКУПНО денари:** | **1.498.415.461,30** | **1.423.358.921,30** | **5,27%** |

Согласно Годишниот финансиски план на М-НАВ АД Скопје, износот на планираните приходи за 2026 година ќе се зголеми за 5,27% споредено со планираните приходи за 2025 година како последица на зголемувањето на обемот на авио-сообраќајот на глобално и регионално ниво, како и порастот на сообраќајот на двата меѓународни аеродроми во Република Северна Македонија, во Скопје и Охрид.

## 5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИТЕ РАСХОДИ ЗА 2026 ГОДИНА

Вкупните расходи планирани за 2026 година изнесуваат **1.497.568.508,00 денари,** а истите во споредба со вкупните планирани расходи на Друштвото за 2025 година се зголемени за **5,6%.**

Зголемувањето на планираните расходи за 2026 година се должи на минимум потребните средства за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на воздухопловна навигација на корисниците во рамките на дезигнираниот воздушен простор на Република Северна Македонија, истите во согласност со зголемувањето на обемот на воздушниот сообраќај во 2025 година, како и со очекуваниот дополнителен пораст на сообраќајот во 2026 година.

Имајќи го во предвид влијанието на кризата предизвикана со војната во Украина како и конфликтот на блискиот исток и нивното директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите на Друштвото, Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје континуирано ќе ги следи идните состојби и тековно ќе презема дополнителни мерки за одржување на високиот квалитет на услугите на воздухопловна навигација како основна дејност на Друштвото.

Како резултат на горенаведеното, вкупните планирани расходи за 2026 година се табеларно прикажани во Точка 8 - Табеларен преглед на планирани расходи на М-НАВ АД Скопје за 2026 година, а се групирани по видови на трошоци како што следи:

- **Вкупните трошоци за вработените во 2026 година се проектирани во износ од 1.182.172.508,00 денари, а истите во споредба со планираните трошоци на Друштвото за 2025 година се зголемени за 6,7%, од кои:**
  - Трошоците за бруто плати за вработените во 2026 година изнесуваат 1.162.172.508,00 денари и истите се планирани со зголемување од 6,8% во однос на планираните трошоци за бруто плати за 2025 година. Ова зголемување се должи на зголемувањето на воздушниот сообраќај во 2025 година, како и очекуваниот натамошен раст на сообраќајот во 2026 година. Воедно, во оваа ставка се вклучени и пресметките за бруто плати кои се однесуваат на вработување на 6 нови контролори на летање - студенти (април-декември), како и 5 вработувања (инженери) во СВТ (април-декември), потребни кадри поради зголемен обем на работа во друштвото, но и поради пензионирање на постоечкиот кадар. Покрај сето наведено, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, зголемување на рејтинг на контролорите на летање.

- Ставката Други трошоци за вработените изнесува 20.000.000,00 денари и е на исто ниво во споредба со 2025 година. Овие средства се наменети за исплата на останати надоместоци за вработените, т.е. трошоци за задолжителен лекарски преглед, превоз надвор од Скопје, отпремнини и други трошоци согласно Колективниот договор на М-НАВ АД Скопје.

- **Вкупните материјални трошоци за 2026 година се планирани во износ од 90.500.000,00 денари, а истите во споредба со планираните трошоци на друштвото за 2025 година се намалени за околу 15%, при што:**
  - Ова намалување воглавно се должи на намалувањето на планирани трошоци во ставката Трошоци за одржување (во износ од 30.000.000,00 денари), намалени за 28,5% во однос на 2025 година. Ова намалување се должи на воведување нови системи во работата на друштвото, со што значително се намалуваат наведените трошоци.
  - Намалени се и ставките Потрошена енергија и гориво (во износ од 22.000.000,00 денари), а во согласност со фактурираните месечни износи во 2025 година и постигнатата јавна набавка на електрична енергија за наредниот период, како и ставката за резервни делови (во износ од 10.000.000,00 денари), кои се намалени во однос на минатата година за по 2.000.000,00 денари, како минимум проценети трошоци за обезбедување на непрекинато и безбедно функционирање на системите при што со оглед на нивната старост мора до крајни граници да се елиминира секаква можност од застој во функционирањето, како и да се обезбеди неопходноста од навремени и брзи интервенции, брзи набавки на резервни делови, па и замена на делови од системите доколку е потребно во текот на годината.
  - Останатите ставки од вкупните материјални трошоци како што се комуникациски и транспортни услуги итн., со оглед на нивниот релативно фиксен карактер се планирани на приближно исто ниво во однос на планираните трошоци во 2025 година.

- **Вкупните нематеријални трошоци во 2026 година се планирани во износ од 125.650.000,00 денари, а истите во споредба со вкупно планираните нематеријални трошоци на Друштвото за 2025 година се зголемени за околу 30%:**
  - Планираните трошоци за осигурување за 2026 година се во износ од 23.000.000,00 денари, односно се зголемени за околу 40% во однос на минатата година поради планираното вклучување на приватно осигурување за вработените, но и поради промени на цените на пазарот, при што 11.500.000,00 денари се наменети за осигурување од дејност, 6.500.000,00 денари за приватно осигурување на вработените, 1.500.000,00 денари за осигурување на имот, 400.000,00 денари за каско осигурување, 300.000,00 денари за осигурување на персоналот на друштвото, патничко осигурување итн.
  - Трошоците за дневници за службени патувања и патни трошоци за 2026 година во износ од 16.000.000,00 денари се на исто ниво со планираните трошоци во 2025 година поради одржување на планираните задолжителни обуки на контролорите на летање и останатиот воздухопловен персонал на М-НАВ АД Скопје во текот на 2026 година, а кои се одржуваат во школските центри во странство, редовните состаноци во меѓународните организации и институции итн.
  - Планираните трошоци за ставката Членарини во организации и друго во 2025 година се во износ од 2.200.000,00, од кои 1.600.000,00 денари отпаѓаат на трошоците за годишна членарина на М-НАВ АД Скопје во меѓународната организација CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво, додека останатите средства се планирани за членарини во домашни здруженија за сметководство, ревизија и заштита при работа и истите се зголемени за 22,2% во споредба со планираните трошоци за 2025 година поради пораст на цените на услугите.

- Ставката Закуп на канцелариски простор за 2026 година е зголемена за 33% во однос на планираната сума за 2025 година поради потребата за закуп на складишен простор.
- Најголем дел од вкупните нематеријални трошоци во 2026 година претставува ставката Останати нематеријални трошоци во вкупен износ од 72.100.000,00 денари како што следи:

| Останати нематеријални трошоци | 2026 | 2025 | 2026/2025 (%) |
|---|---|---|---|
| Надомест надзорен одбор | 500.000,00 | 500.000,00 | 0,0 |
| Авторски хонорари | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 0,0 |
| Обука КЛ, семинари и советувања | 39.700.000,00 | 22.000.000,00 | 80,5 |
| Ревизија на финансиски извештај | 1.000.000,00 | 600.000,00 | 66,7 |
| Адвокатски услуги | 3.000.000,00 | 2.000.000,00 | 50,0 |
| Останати интелектуални услуги | 8.000.000,00 | 10.000.000,00 | -20,0 |
| Стручни списанија и весници | 250.000,00 | 250.000,00 | 0,0 |
| Сертификација АЦВ | 1.000.000,00 | 2.000.000,00 | -50,0 |
| Други нематеријални трошоци | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 0,0 |
| Донации во земјата | 750.000,00 | 750.000,00 | 0,0 |
| Трошоци за извршни пресуди | 15.000.000,00 | 15.000.000,00 | 0,0 |
| Одржување на софтвер | 200.000,00 | 200.000,00 | 0,0 |
| **Вкупно** | **72.100.000,00** | **56.000.000,00** | 28,8 |

Како што може да се види од табелата погоре, планираните трошоци за 2026 година се зголемени за околу 29% во донос на 2025 година, при што најголемиот дел од оваа ставка - Останати нематеријални трошоци отпаѓа на трошоците на подставките:

- Трошоци за Обука на контролори на летање(КЛ), семинари и советувања за 2026 година, во вкупен износ од 39.700.000,00 денари, од кои најголем дел се за потребите на Секторот за воздухопловна навигација за кои се предвидени пред се 13.500.000,00 денари (околу 30% од вкупната цена) за освежување на знаењета за КЛ за ACS и APS овластувања, 25.000.000,00 денари (60%) за селекција и почетна обука на 6 кандидати за КЛ за ACS овластување, обука за останатиот персонал итн.;
- Како поголеми подставки спаѓаат и годишните трошоци за одржување на сертификација на М-НАВ АД Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во вкупен износ од 1.000,000,00 денари, намалена за 50% во однос на 2025 година, Останати интелектуални услуги во износ од 8.000.000,00 денари;
- Подставката Други нематеријални трошоци во износ од 1.500.000,00 денари опфаќа наемнини за недвижности (Закуп за антена на Црн Врв), трошоци за чување архивски материјали, трошоци за фотокопирање, потврди за неосудуваност за вработените и друго;
- Трошоците за Донации во земјата се предвидени на износ од 750.000,00 денари, во поголем дел наменети за Воздухопловната Федерација на Република Северна Македонија.

- **Останатите трошоци од работењето се проектирани на 9.000.000,00 денари во 2026 година.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за резервации за надомест на вработени и резервации за договори, трошоци за вредносни усогласувања на

краткорочни побарувања, отпис на побарувања од CRCO и друго, а во споредба со планираните трошоци во 2025 година се намалени за 10%.

- **Амортизацијата за 2026 година е планирана во износ од 66.246.000,00 денари** согласно номенклатурата за пресметка на амортизација и сметководствената политика на Друштвото, и истата е на исто ниво во однос на планираната амортизација за 2025 година.
- **Вкупните финансиски трошоци планирани за 2026 година се во износ од 24.000.000,00 денари,** и се намалени за 20% во однос на минатата година. Поголемиот дел во износ од 20.000.000,00 денари отпаѓа на планираната исплата на камати за неповлечени и повлечени средства по основ на Договорот за заем склучен со ЕБОР на 29-ти јули 2022 година, додека планираните трошоци за банкарски услуги се планирани во износ од 4.000.000,00 денари. Намалувањето во оваа ставка се должи на континуираната реализација на проектите, како и поради намалување на банкарските провизии со воведувањето на SEPA (Single Euro Payments Area). Овие трошоци произлегуваат од потпишувањето на двата договори за заем со цел затворање и рефинансирање на Договорот за заем со ЕБОР, потпишан на 24.09.2013 година, и тоа: новиот Договор за заем со ЕБОР во вредност од 9.770.000,00 ЕУР, потпишан на 29.07.2022 година, како и Договорот за одобрување на долгорочен кредит со Комерцијална Банка АД Скопје во вредност од 5.000.000,00 ЕУР, склучен на 28.07.2022 година.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2026 година во споредба со планираните расходи на Друштвото за 2025 година е дадено во Точка 9.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2026 година во споредба со реализираните расходи на Друштвото за 2025 година е дадено во Точка 10.

## 6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2026 ГОДИНА

М-НАВ АД Скопје го изработи Финансискиот план за 2026 година во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/19), и усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување. Проекциите на вкупните расходи во износ од **1.497.568.508,00** денари (Точка 5) се направени врз основа на анализите за работењето на М-НАВ АД Скопје во изминатите две години, како и врз основа на минимум потребните средства на Друштвото за одржување на квалитетот на своите услуги во 2026 година, а во согласност со принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Согласно регулативите на ICAO и Eurocontrol, давателот на услуги на воздухопловна навигација во Република Северна Македонија, М-НАВ АД Скопје работи на принципот на целосен поврат на трошоците (full cost recovery) од работењето што ги одобрува Eurocontrol секоја година. Тоа значи дека според "Принципите" на Eurocontrol (Док.бр.20.60.01. од јануари 2020 година), остварената добивка во претходната деловна година се пренесува на авиокомпаниите преку соодветното намалување на цената на услугите за прелети во наредните години.

Проекциите на вкупните приходи во износ од **1.498.415.461,30** денари се базираат согласно планираниот обем на воздушен сообраќај во 2026 година (Точка 4).

**Со реализацијата на сите плански претпоставки, М-НАВ АД Скопје во 2026 година очекува вкупните планирани приходи да ги надминат вкупните планирани расходи, при што ќе оствари добивка од 846.953,30 денари.**

## 7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| ПРЕЛЕТИ | 192.125.098,24 | 368.658.342,34 | 430.091.116,04 | 274.433.130,38 | **1.265.307.687,00** |
| | | | | | |
| ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ | 41.543.004,49 | 57.580.795,40 | 66.037.600,13 | 55.646.374,27 | **220.807.774,30** |
| | | | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.075.000,00 | 3.075.000,00 | 3.075.000,00 | 3.075.000,00 | **12.300.000,00** |
| | | | | | |
| **ВКУПНО ДЕНАРИ** | **236.743.102,73** | **429.314.137,74** | **499.203.716,17** | **333.154.504,65** | **1.498.415.461,30** |



## 8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

| | | 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис** | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Q4** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| **I** | **Вкупно трошоци за вработените** | **295.543.127,00** | **295.543.127,00** | **295.543.127,00** | **295.543.127,00** | **1.182.172.508,00** |
| | Бруто плати | 290.543.127,00 | 290.543.127,00 | 290.543.127,00 | 290.543.127,00 | 1.162.172.508,00 |
| | Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| | | | | | | |
| **II** | **Вкупно материјални трошоци** | **22.625.000,00** | **22.625.000,00** | **22.625.000,00** | **22.625.000,00** | **90.500.000,00** |
| | Потрошени суровини и материјали | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| | Потрошени резервни делови | 2.500.000,00 | 2.500.000,00 | 2.500.000,00 | 2.500.000,00 | 10.000.000,00 |
| | Потрошена енергија | 5.500.000,00 | 5.500.000,00 | 5.500.000,00 | 5.500.000,00 | 22.000.000,00 |
| | Транспортни услуги | 625.000,00 | 625.000,00 | 625.000,00 | 625.000,00 | 2.500.000,00 |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| | Трошоци за одржување | 7.500.000,00 | 7.500.000,00 | 7.500.000,00 | 7.500.000,00 | 30.000.000,00 |
| | Дополнително трошоци минати години | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 2.000.000,00 |
| | | | | | | |
| **III** | **Вкупно нематеријални трошоци** | **31.412.500,00** | **31.412.500,00** | **31.412.500,00** | **31.412.500,00** | **125.650.000,00** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 16.000.000,00 |
| | Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 3.000.000,00 |
| | Премии за осигурување | 5.750.000,00 | 5.750.000,00 | 5.750.000,00 | 5.750.000,00 | 23.000.000,00 |
| | Членарини во меѓународни организации и др. | 550.000,00 | 550.000,00 | 550.000,00 | 550.000,00 | 2.200.000,00 |
| | Останати нематеријални трошоци | 18.025.000,00 | 18.025.000,00 | 18.025.000,00 | 18.025.000,00 | 72.100.000,00 |
| | Останати услуги | 1.337.500,00 | 1.337.500,00 | 1.337.500,00 | 1.337.500,00 | 5.350.000,00 |
| | | | | | | |
| **IV** | **Останати трошоци од работењето** | **2.250.000,00** | **2.250.000,00** | **2.250.000,00** | **2.250.000,00** | **9.000.000,00** |
| | | | | | | |
| **V** | **Амортизација** | **16.561.500,00** | **16.561.500,00** | **16.561.500,00** | **16.561.500,00** | **66.246.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| VI | **Вкупно финансиски трошоци** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** | **24.000.000,00** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| | Камати по банкарски кредити | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| | | | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **374.392.127,00** | **374.392.127,00** | **374.392.127,00** | **374.392.127,00** | **1.497.568.508,00** |



## 9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

| Конто | Опис | Планирани 2026 | Планирани 2025 | % 2026/2025 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **I** | **Вкупно трошоци за вработените** | **1.182.172.508,00** | **1.107.673.490,00** | **6,73** |
| | Бруто плати | 1.162.172.508,00 | 1.087.673.490,00 | 6,85 |
| | Други трошоци за вработените | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | |
| **II** | **Вкупно материјални трошоци** | **90.500.000,00** | **107.000.000,00** | **-15,42** |
| | Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 3.000.000,00 | 33,33 |
| | Потрошени резервни делови | 10.000.000,00 | 12.000.000,00 | -16,67 |
| | Потрошена енергија | 22.000.000,00 | 24.000.000,00 | -8,33 |
| | Транспортни услуги | 2.500.000,00 | 4.000.000,00 | -37,50 |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 |
| | Трошоци за одржување | 30.000.000,00 | 42.000.000,00 | -28,57 |
| | Дополнително трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | |
| **III** | **Вкупно нематеријални трошоци** | **125.650.000,00** | **97.050.000,00** | **29,47** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 4.000.000,00 | 3.000.000,00 | 33,33 |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 16.000.000,00 | 16.000.000,00 | 0,00 |
| | Трошоци за репрезентација | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 0,00 |
| | Премии за осигурување | 23.000.000,00 | 16.400.000,00 | 40,24 |
| | Членарини во меѓународни организации и др. | 2.200.000,00 | 1.800.000,00 | 22,22 |
| | Останати нематеријални трошоци | 72.100.000,00 | 56.000.000,00 | 28,75 |
| | Останати услуги | 5.350.000,00 | 850.000,00 | 529,41 |
| | | | | |
| **IV** | **Останати трошоци од работењето** | **9.000.000,00** | **10.000.000,00** | **-10,00** |
| | | | | |
| **V** | **Амортизација** | **66.246.000,00** | **66.246.000,00** | **0,00** |
| | | | | |
| **VI** | **Вкупно финансиски трошоци** | **24.000.000,00** | **30.000.000,00** | **-20,00** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 4.000.000,00 | 5.000.000,00 | -20,00 |
| | Камати по банкарски кредити | 20.000.000,00 | 25.000.000,00 | -20,00 |
| | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **1.497.568.508,00** | **1.417.969.490,00** | **5,61** |




**Забелешка:** Отстапувања на планираните трошоци за 2026 година во споредба со планираните трошоци за 2025 година се објаснети во **Точка 5 - Анализа на планирани расходи за 2026 година.**

## 10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НАПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

| Конто | Опис | Планирани 2026 | Реализирани 2025 | % 2026/2025 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| I | **Вкупно трошоци за вработените** | **1.182.172.508,00** | **1.058.625.791,00** | **11,67** |
| | Бруто плати | 1.162.172.508,00 | 1.039.634.712,00 | 11,79 |
| | Други трошоци за вработените | 20.000.000,00 | 18.991.079,00 | 5,31 |
| | | | | |
| II | **Вкупно материјални трошоци** | **90.500.000,00** | **66.007.026,39** | **37,11** |
| | Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 3.433.814,63 | 16,49 |
| | Потрошени резервни делови | 10.000.000,00 | 3.630.271,63 | 175,46 |
| | Потрошена енергија | 22.000.000,00 | 18.717.207,91 | 17,54 |
| | Транспортни услуги | 2.500.000,00 | 1.836.320,17 | 36,14 |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 20.000.000,00 | 17.153.827,66 | 16,59 |
| | Трошоци за одржување | 30.000.000,00 | 18.637.433,28 | 60,97 |
| | Дополнително трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.598.151,11 | -23,02 |
| | | | | |
| III | **Вкупно нематеријални трошоци** | **125.650.000,00** | **58.871.251,27** | **113,43** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 4.000.000,00 | 2.126.299,00 | 88,12 |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 16.000.000,00 | 7.963.345,28 | 100,92 |
| | Трошоци за репрезентација | 3.000.000,00 | 1.432.230,31 | 109,46 |
| | Премии за осигурување | 23.000.000,00 | 16.568.405,93 | 38,82 |
| | Членарини во меѓународни организации и др. | 2.200.000,00 | 2.115.994,81 | 3,97 |
| | Останати нематеријални трошоци | 72.100.000,00 | 28.083.625,94 | 156,73 |
| | Останати услуги | 5.350.000,00 | 581.350,00 | 820,27 |
| | | | | |
| IV | **Останати трошоци од работењето** | **9.000.000,00** | **2.556.067,60** | **252,10** |
| | | | | |
| V | **Амортизација** | **66.246.000,00** | **66.246.000,00** | **0,00** |
| | | | | |
| VI | **Вкупно финансиски трошоци** | **24.000.000,00** | **19.632.598,55** | **22,25** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 4.000.000,00 | 3.462.278,65 | 15,53 |
| | Камати по банкарски кредити | 20.000.000,00 | 16.170.319,90 | 23,68 |
| | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **1.497.568.508,00** | **1.271.938.734,81** | **17,74** |




Согласно споредбената анализа на планирани расходи на друштвото за 2026 година (1.497.568.508,00 денари) во споредба со очекуваните реализирани расходи на Друштвото за 2025 година (1.271.938.734,81 денари), се прикажува вкупно зголемување од 17,7% во однос на реализацијата од 2025 година.

Напоменуваме дека при искажувањето на реализираните расходи за 2025 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2026 година истите сè уште не беа целосно достапни, земени се актуелните податоци заклучно со 30.09.2025 година, додека за преостанатиот период од 2025 година се користени планираните расходи од Финансискиот план на Друштвото за 2025 година.

Како резултат на горенаведеното, ова отстапување не е целосно реално, т.е. прецизното отстапување ќе се согледа на крајот од годината кога целосно ќе се прокнижат трошоците за 2025 година и целосно ќе се согледаат прелевањата на планираните расходи на квартално ниво.

Имено, согласно споредбената табеларна анализа погоре, прикажаното отстапување на одделните ставки на расходи е како што следи:

- Трошоците за бруто плати за вработените во 2026 година изнесуваат 1.162.172.508,00 денари и истите се планирани со зголемување од 11,8% во однос на реализираните трошоци за бруто плати за 2025 година. Ова зголемување се должи на зголемениот обем на работа, односно резултат на зголемувањето на воздушниот сообраќај во 2025 година, како и очекуваниот натамошен раст на сообраќајот во 2026 година. Воедно, во оваа ставка се вклучени и пресметките за бруто плати кои се однесуваат на вработување на 6 нови контролори на летање - студенти (април-декември 2026 година), како и 5 вработувања (инженери) во СВТ (април-декември), потребни кадри поради зголемен обем на работа во друштвото, но и поради пензионирање на постоечкиот кадар Покрај сето наведено, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, зголемување на рејтинг на контролорите на летање.
- Планираните трошоци за потрошена енергија за 2026 година во споредба со

прикажаната реализација во табелата за 2025 година отстапува околу 17% поради нецелосното прокнижување на фактурите, т.е. фактурите за електрична енергија од Министерството за одбрана пристигнуваат со задоцнување, така што досега се платени сите фактури заклучно со септември 2025 година, а останатите се очекува да пристигнат и бидат платени до крајот на годината, но и го зема во предвид можното покачување на цената на електричната енергија во 2026 година.

- Кај ставките Транспортни услуги и Останати услуги каде што се прикажува намалена реализација во 2025 година, а делумно и кај сите други расходни ставки, отстапувањето на реализираното во однос на планираното се должи пред се на нецелосното прокнижување на трошоците за 2025 година.

Овие ставки се детално објаснети во **Точка 5 - Анализа на планирани расходи за 2026 година.**